

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТОТО ПОКЛОНЕНИЕ ВО ВЕЧНИОТ РИМ – 1993 ГОДИНА**

***Во 1993 година убавиот Рим, тој вечен град, како многумина го нарекуваат, беше местото што државна и црковна делегација на Република Македонија го посетија и оддадоа почит на делото на светите браќа Кирил и Методиј, што започна во далечната 1969 година и по дваесет и четврти пат се одржа молебен на гробот на свети Кирил Солунски.***

Овој пат државната делегација ја предводеше претседателот на Парламентот на Република Македонија, г. Стојан Андов, во чиј состав беа и д-р Димитар Бајалџиев,

министер за образование и физичка култура, Златко Теодосиевски, заменик на министерот за култура, Никола Тодорчевски, помошник на министерот за односи со странство и Аленка Лапе, преведувач, додека црковната делегација ја сочинуваа митрополитот австралиски и администратор на Дебарско-кичевската епархија г. Тимотеј и старешината на Архиепископскиот соборен храм „*Свети Климент Охридски"* од Скопје, протојереј Драги Костадиновски.

Ден спроти празникот на светите Кирил и Методиј, на 23 мај, државната делегација предводена од претседателот на Парламентот на Република Македонија г. Стојан Андов, заедно со црковната делегација замина од аеродромот „Петровец" во Скопје за Рим, каде на воениот аеродром „Чиампино" беше срдечно дочекана од домаќините.

На денот на свети Кирил, на 24 мај, во претпладневните часови, поточно во 10 часот, пред влезот на базиликата се сретнаа двете делегации од РМакедонија. Свечениот чин на оддавање почит и изразување благодарност на делото коешто солунските браќа ги издигна на ниво на светители, започна со пеење на тропарот за светите Кирил и Методиј на македонски јазик, уште во горниот дел на црквата од Штросмаеровата капела, каде има мошти на свети Кирил и од каде тргна литијата кон криптата.







**СЛАВЕ КАТИН**